# ФИНКИ live chat 02 – ЧПП

*среда, 10.08.2011, 12:00 – 13:00*

**Dimitrievski Darko**: Дали како на ФЕИТ ќе може да се напише повеќе од еден смер во пријавата и доколку нема место во првиот посакуван смер да се проба и во вториот?

**ФИНКИ**: Да, деталите за избор на повеќе од една студиска програма се објавени тука: http://www.finki.ukim.mk/mk/enrollment/izbor-sp.

**Gorjan Zajkovski**: Мене ме интересира, дали јас како студент на ФИНКИ, 2-ра год. на ИКИ, се префлам од ФЕИТ, дали ќе имам можност да одберам изборен предмет од некоја од новите студиски програми, соодветно од 2-ра год... Велите дека ако има доволно заинтересирани, има можност да се активираат такви предмети... Дали ќе го знаеме тоа пред изборот на предметите, односно, кој предмет е активиран, а кој не? Благодарам однапред (:

**ФИНКИ**: Дали некој предмет ќе биде активиран ќе се знае по завршување на уписите, за да се знаеме колку студенти има заинтересирано за тој предмет.

**Zdenka Pavkovic**: Брат ми е втора година на ИИ на групата ПИТ. Ако се префрли на ФИНКИ дали ќе може да се префрли на ИНФО со признавање на испити? И како се прави признавање ако на ПИТ, на пример има положено интернет и веб дизајн, а на ИНФО тие се викаат вовед во интернет и интернет програмирање? Или на едниот е архитектура на компјутери, а на другиот компјутерска архитектура?

**ФИНКИ**: Доколку Вашиот брат се префрли на ФИНКИ тој прво по автоматизам ќе биде префрлен во истата студиска програма на која студирал и на ИИ, а потоа за префрлувањето на друга студиска програма ќе се одлучува посебно за секое поднесено барање до Продеканот за настава и соодветната комисија.

**Ѓорѓи Атанасовски**: Дали ќе добијам некоја предност ако при уписот дадам во прилог сертификати и дипломи од државно и европско ниво (второ место)?

**ФИНКИ**: Во електронската пријава постои можност да ги внесете дополнителните дипломи и сертификати и истите ќе бидат разгледани од уписната комисија. Врз база на тоа, можете да добиете стипендија за бесплатно студирање на ФИНКИ. Деталите можете да ги погледнете тука: http://www.finki.ukim.mk/mk/enrollment/stipendii.

**Vladimir Trajkovski**: Кога ќе биде уписот за постдипломски студии и колку пари ќе изнесува?

**ФИНКИ**: Информации за уписите, квотите и цената на постипломските студии може да најдете на нашата официјална веб страна: http://www.finki.ukim.mk/mk/enrollment/magisterski-studii.